# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 21 и член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10 и 123/12), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

## О Д Л У К А
## за дополнување на Одлуката за расположливите депозити

1. Во Одлуката за расположливите депозити („Службен весник на Република Македонија" бр. 49/12, 18/13 и 50/13), во точката 5, по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„По исклучок на став 1 од оваа точка, банката е должна да пласира средства во депозити на седум дена врз основа на обврска која произлегува од друга подзаконска регулатива на Народната банка."

2. По точката 6 се додава нова точка 6-а, која гласи:

„Доколку банката не уплати соодветен износ на средства согласно точка 5 став 3 од Одлуката, Народната банка ја задолжува сметката на банката за неуплатениот износ.

Народната банка пресметува и законска казнена камата на вкупниот износ, кој банката е должна да го уплати согласно точка 5 став 3 од Одлуката.

Банката е должна да ја плати казнената камата согласно став 2 од оваа точка, првиот работен ден од денот на настанувањето на обврската."

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**О бр. 02-15/XIII-4/2013**
**28 ноември 2013 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка на**
**Република Македонија**
**Димитар Богов**